# АДИНГПОКС ГЛЕТ

*Смеса за израмнување на бетонски и репарирани бетонски површини, изработена на епоксидна основа*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Адингпокс Глет претставува трокомпонентен епоксиден материјал кој се користи за фино израмнување (глетување) на вертикални и хоризонтални бетонски површини во дебелини до 4 mm.

## СВОЈСТВА

- Високи јакосни карактеристики
- Водонепропусен;
- Отпорен на атмосферски влијанија;
- Добра цврстина и еластичност;
- Одлична атхезија на влажен бетон;
- Можност за брза апликација на завршни премази;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| | | |
|---|---|---|
| Изглед (А+Б+Ц) | | сив малтер |
| Однос на мешање | | А:Б:Ц = 1,7:1:8,1 |
| Густина (А+Б+Ц) | EN 12190 | 1,7-1,8 g/cm$^3$ |
| Време на обработливост (pot-life) на температура од 20°С | EN ISO 9514 | 30-40 min |
| Јакост на атхезија со pull-off тест | EN 1542 | ≥ 1,5 N/mm² |
| Јакост на притисок | EN 12190 | ≥ 70 N/mm² |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

## 1. ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

Бетонската подлога на која се врши апликација на Адингпокс Глет треба да биде чиста, обезмастена и обеспрашена, со отстранети лабилни делови и со минимална јакост на притисок од 25 MPa. Цементно млеко и траги од боја или масло треба да се отстранат по механички пат, или со примена на хемиски средства за чистење. Амбиенталната температура како и температурата на подлогата при апликацијата треба да биде помеѓу 10˚C и 30˚C. При санација на стари оштетени армирано бетонски елементи, видливата арматура и анкери треба да се исчистат од корозија, остатоци на боја и масло (со челична четка или пескарење). Доколку на површината има поголеми оштетувања и нерамнини, истите треба да се санираат со користење на репаратурен малтер на полимер-цементна основа (Репаратур Малтер Ф) или малтери на епоксидна основа.
Со цел да се постигне подобра атхезија, пред апликација на Адингпокс Глет на подлогата препорачливо е да се нанесе епоксиден прајмер Адингпокс 1ПВ.
Прајмерирањето и глетувањето е препорачливо да се изведат по најмалку 7 дена од вградувањето на бетонот со цел да се избегне појава на пукнатини како последица на почетното собирање на бетонот.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## 2. ВГРАДУВАЊЕ

Пред вградувањето на Адингпокс Глет потребно е компонентите А и Б посебно да се промешаат. Потоа Б компонентата постепено се додава во А компонента и се меша со бавен електричен мешач (300 до 500 вртежи/min) до потполна хомогенизација. На хомогенизираната смеса постепено се додава Ц компонентата и се продолжува со мешање до целосно хомогенизирање на материјалот.
Нанесувањето на смесата се врши рачно со шпакла, мистрија или метална глетарка во слоеви до 4 mm.
За да се зголеми обработливоста на материјалот, на смесата А+Б+Ц може да се додадат од 2% до 5% Растворувач П, со што дебелината на вградување на материјалот се ограничува на 1 mm, поради опасност од пролизгување на материјалот на вертикални површини.

## 3. УСЛОВИ И ОГРАНИЧУВАЊА ПРИ АПЛИКАЦИЈАТА

Температурата на подлогата и амбиенталната температура во текот на апликацијата и 24 часа по апликацијата треба да бидат во границите од +10°C до 30°C, а релативната влажност на воздухот помала од 80%. Во тој период, аплицираниот материјал треба да биде заштитен од директна изложеност на сонце и ветер.

## ПОТРОШУВАЧКА

За слој со дебелина од 1 mm потрошувачката на (А+Б+Ц) изнесува приближно 1,7-1,8 kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со Растворувач П веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Во сетови А+Б+Ц: 11,9 kg
А компонента: 1,9 kg
Б компонента: 1,1 kg
Ц компонента: 8,9 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 10-30°C, заштитен од директно сонце. Рок на употреба: 9 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на компонентите. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот
Пожар: Адингпокс Глет и Растворувач П содржат запаливи растворувачи. Не треба да се користат близу отворен оган или да се пуши за време на вградувањето. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингпокс Глет се чистат со Растворувач П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk